**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-136/2**
**Скопје,20.12.2024 година.**

Записник од единаесета седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 20.12.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа Кети Петкова член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Макеоднија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што беа исполнети условите за одржување на единаесетата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следниот дневен ред:

**Дневен ред**

1. Усвојување на записниците од 6-та и 10-та седница на Советот на јавните обвинители на РСМ,
2. Разгледување и оценување на Годишниот извештај за работата на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија,
3. Разно.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори единаесетата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред за оваа седница. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката еден од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги стави на усвојување записниците од 6-та и 10-та седница на Советот. Од страна на членовите на Советот записниците од 6-та и 10-та седница едногласно беа усвоени.

Под точка две од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му даде збор на Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека Годишниот извештај бил образложен пред Комисијата во Собранието на РСМ и смета дека истиот ќе биде усвоен од страна на Собранието на РСМ. Истакна дека во извештајот се прикажани сите начини на кои се темелат и претходните извештаи, а тој е сублимат на извештаите добиени од страна на Вишите и Основните јавни обвинителства во РСМ, како и извештајот на ОЈО ГОКК-Скопје. Ги запозна членовите на Советот со бројката на сторители на кривични дела. Кажа дека има намалување на новопримени сторители на кривични дела во однос на претходната година како кај полнолетни така и кај малолетни лица и намален е бројот на пријави против НН лица, а сето тоа се должи на повеќе месечниот штрајк во јавнообвинителската администрација каде за време на штрајкот се примале само итни пријави. Кажа дека во ОЈО ГОКК бројот на пријавени полнолетни лица лица е зголемен за 21,5% во однос на 2022 година. За кадровската состојба и материјалните услови кажа дека проблемот и понатаму е алармантен со недостиг на јавно обвинителски кадар како и на јавнообвинителската служба каде потенцираше дека оваа година немало ниту едно вработување и дека истата работи со 36% капацитет согласно систематизираните работни места на ниво на целата територија на РСМ, а и за наредната година во буџетските средстав не е дозволено вработувања во јавнообвинителкста служба. Во однос на пополнувањето на бројката со јавни обвинители кажа дека се чека од завршените кандидати со АСЈО колку ќе се пријават за јавни обвинители. Се осврна и на просторните услови и капацитети на јавните обвинителства каде кажа дека ОЈО ГОКК Скопје се сместени во нови простории додека некои јавни обвинителства се соочуваат со недостиг на простории како што е ОЈО Тетово. Во однос на информатичката опрема кажа дека компјутерите се застарени и стари по десет години, а исто така и нема информатичари поради малиот личен доход. Во делот на буџетските средтсва кажа дека присуствувал на седница во Собраниетот кога било дискутирано за буџетот на ЈОРСМ. Кажа дека согласно законот предвидено е 0,4%,од буџетски средставза ЈОРСМ, а во моментот се доделени се нешто повеќе од 0,2%. Споредбено со Црна Гора од 600.000 жители, кажа дека има поголеми буџетски средства. Во поглед на транспарентноста, кажа дека Јавното обвинителство е транспарентно како никогаш до сега, дека се одржуваат брифинзи со новинари и има секојдневни известувања на веб страницата на Јавното обвинителство на РСМ. Членовите на Советот беа запознаени и со соработката на ЈОРСМ со невладини организации и новинарски здруженија, како и со меѓународната соработка на ЈОРСМ и средба со амбасадори во РСМ. Исто така ги запозна членовите на Советот со бројот на примени предмети, решени кривични пријави, бројот на решени истраги и истраги кои се во тек, со бројката на решени и отфрлени кривични пријави, поднесени обвинителни предлози, предлози за казнен налоги за бројот на предлог спогодби, за бројот на предмети и постапување по допрен глас. Исто така членовите на Советот беа запознаени со бројката на малолетни сторители на кривични дела како

и со бројот на кривични дела извршени од страна на НН лица каде истакна дека има намалување на оваа бројка што се должи на постапуавње од страна на надлежните органи. Исто така Јавниот обвинител на РСМ ги извести членоивите на Советот со бројот на стпроведени истраги, бројот на решени и нерешени истраги, за бројот на поднесени жалби, бројот на пресуди, ослободителни пресуди, со бројот на изречени казни затвор . Членовите на Советот беа запознаени и со бројката на предмети по кои постапувале судовите врз основа на поднесени обвиненија во 2023 година и бројката на поднесени БЗЗ. Во однос на примената на чл.44 од ЗКП во 2023 година , ги запозна со бројката на лица со кои биле решени кривичните пријави како и бројката на предмети по основ на примена на чл.43 од ЗКП. Исто така членовите на Советот беа запознаени со бројката на одржани главни расправи во кои учествувале јавните обвинители. Во однос на одземање и конфискација на имот кажа дека извештајната година била добра и станува збор за поголем износ. Воедно заклучи дека врз основа на изложеното покажува дека Јавното обвинителство и покрај намалениот број на јавни обвинители постигнал успешни резултати. Како проблем останува не доволно финансирање на обвинителството како и не пополнувањето на јавнообвинителски кадар и недостиг на јавнообвинителската служба.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му се заблагодари на Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски на излагањето на Годишниот извештај по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред..

Збор зема г-дин Ермон Незири истакна дека овој Годишен извештај е сублимат на претходно усвоените годишни извештаи на вишите јавни обвинителства како и на ОЈО ГОКК, кажа дека го подржува годишниот извештај на ЈОРСМ, и кажа дека ќе констатира неколку точки за кои смета дека и Советот треба да биде поактивен во подршка на Јавното обвинителство. Кажа дека финансиите, администрацијата се основната болка на јавното обвинителство и смета дека Советот треба поактивно да се вклучи и во јавноста да се каже дека јавниот обвинител неможе сам да работи на предмети, треба да има стручна служба, компјутер,финансии во делот што се однесува на вештачењата или прибавување на докази. Потенцираше дека бројката на административни службеници од предвидени според систематизација 1190 на ниво на РСМ, има само 360 и смета дека оваа состојба е катастрофална. Воедно даде пофални зборови во однос на транспарентноста на Јавното обвинителство и кореспонденција со јавноста и даде предлог заедно со Советот да се работи на измените на Законот за Јавното обвинителство, да се бара буџетска независност како што е случај со Судскиот совет на РСМ. Исто така смета дека треба да се размислува и на организациската поставеност на јавните обвинителства во однос на бројот на јавни обвинители, каде што има јавни обвинителства без јавни обвинители и недоволен број на јавнообвинителски службеници.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски во однос на довербата во Јавното обвинителство кажа дека имал посета од страна на претставници на Светска банка каде што било правена анкета и во месец јуни ќе се излезе со вистинити резултати во однос на перцепцијата и довеңрбата во Јавното обвинителство. Истакна дека

довербата не е 2% бидејќи лично смета дека 2% се еднакви на нула и дека перцепцијата на Светска банка е околу 26% доверба во институцијата. Воедно истакна дека било договорено на сите јавни обвинители им се подели анкетен лист односно прашалници како и на истражители, нотари итн и потоа ќе се излезе со конечни резултати во месец јули 2025 година во поглед на довербата на Јавното обвинителство.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го подржа извештајот на ЈОРСМ за 2023 година, од причина што претходните извештаи на вишите јавни обвинителства како и на ОЈО ГОКК-Скопје биле усвоени и позитино оценети од страна на Советот. Кажа дека Јавниот обвинител на РСМ ги искажал проблемите со кои се соочува Јавното обвинителство на РСМ, воедно кажа дека Јавниот обвинител се осврнал и на состојбите во 2024 година, со што предложи наредниот извештај биде изготвен доколку е можно порано пред месец декември.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека тоа не зависи само од Јавното обвинителство на РСМ, туку тоа зависи и од извештаите на вишите јавни обвинителства поточно на основните јавни обвинителства каде знеа да има и погрешни статистички податоци, кои после тоа се корегираат во даден рок и сето тоа одзема време и роковите се прекорочуваат. Истакна дека покрај субјективни постојат и објективни причини каде што Јавното обвинителство на РСМ не може да влијае.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска му се заблагодари на Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски на излагањето на Годишниот извештај. Кажа дека извештајот дава пресек на целовкупната работа на Јавното обвинителство, кажа дека истиот е прегледен и ги има сите показатели во однос на работењето на сите Јавни обвинителства во РСМ. Кажа дека следи година со сериозни предизвици дека треба да има заеднички средби помеѓу Советот и ЈОРСМ и да се разгледуваат проблемите со недостаток на бројот на јавни обвинители во јавните обвинителства во РСМ. Кажа дека истиот позитивно го оценува и ќе гласа за негово усвојување

Откако никој не зема Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски ја напушти седницата.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го стави на гласање Годишниот извештајот за работата на Јавното обвинителство на РСМ за 2023 година. Едногласно со девет гласа ЗА беше усвоен Годишниот извештај на за работата на Јавното обвинителство на РСМ за 2023 година

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на јавните обвинители во Јавното обвинителство на РСМ за 2023 година.**

Под точка разно никој не зема збор по што Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи единаесетата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**